Здружение за еманципација,
солидарност и еднаквост
на жените - ЕСЕ

*Извештај од мониторинг и анализа на Програмата за скрининг на карцином на грло на матка*

# Министерството за здравство и Владата на РМ потфрлија во остварување на основните цели на Програмата за организиран скрининг на карцином на грло на матка

*септември, 2016 година*

## Препораки за унапредување на скринингот на карцином на грло на матка

- Министерството за здравство за спроведување на еден тригодишен циклус на скрининг на карцином на грло на матка да обезбеди вкупно 168.698.100 [1] денари за да обезбеди опфаќање на 80% од жените на возраст од 24 до 60 години. Ова би значело дека Министерството за здравство треба да обезбеди во просек 56.566.033 денари на годишно ниво за оваа намена;

- Министерството за здравство во координација со Фондот за здравствено осигурување да ги вклучи сите матични гинеколози кои имаат склучено договор со Фондот во редовна реализација на Програмата за организиран скрининг на карцином на грло на матка;

- Министерството за здравство да обезбеди 156 матични гинеколози [2] кои ќе работат во примарна здравствена заштита, преку финансирање на специјализација за матични гинеколози за општините кои немаат доволно или пак воопшто немаат матични гинеколози;

- Министерството за здравство да го осигури пристапот до Програмата за организиран скрининг на карцином на грло за сите жени на возраст од 24 до 60 години кои живеат во општини каде нема гинеколог;

- Министерството за здравство да ја подобри својата ефикасност и ефективност во управувањето и трошењето на средствата наменети за спроведување на организиран скрининг на карцином на грло на матка и воедно, да го намали обемот на долгови кој извршителите на Програмата за организиран скрининг на карцином на грло;

- Министерството за здравство да ја промени практиката на редовно менување и намалување на буџетот на Програмата во текот на фискалната година и да го подобри процесот и квалитетот на постапката за планирање на активностите и буџетот на Програмата;

## Заклучоци од спроведувањето на првиот тригодишен циклус на скрининг на карцином на грло на матка 2012 - 2014 година:

- Стапката на смртност од карцином на грлото на матката помеѓу жените во Република Македонија бележи пораст во периодот од 2012 до 2014 [3] година;

- Од вкупниот број матични гинеколози што имаат склучено договор со Фондот за здравствено осигурување, во спроведување на организираниот скрининг на карцином на грлото на матката се вклучени само 64 %;

- Жените од 35 општини немаат пристап до услугите предвидени со Програмата заради немање матични гинеколози во нивните општини. А пак во 29 општини жените имаат ограничен пристап до Програмата заради немање на доволен број матични гинеколози;

- 56 % од жените на возраст над 14 години немаат избрано матичен гинеколог и со тоа немаат пристап до Програмата за организиран скрининг на карцином на грлото на матката;

- 46 % од жените на возраст од 24 до 60 години коишто биле поканети да направат преглед со ПАП-тест по Програмата за организиран скрининг на карцином на грлото на матката не се јавиле на преглед;

[1] 16.344.900 денари за поканување на 544.833 жени на возраст од 24 до 60 години; 76.276.600 денари за спроведување на ПАП тестови на 80% од женската поулација на возраст од 24 до 60 години; 76.276.600 денари за цитолошка анализа на направените ПАП тестови; 300.000 денари за координација на скринингот од страна на Центрите за јавно здравје и 500.000 денари за активностите на мобилната гинеколошка ординација.

[2] Со обезбедување на овој број на матични гинеколози ќе се исполнат критериумите утврдени со Уредбата за мрежа на здравствени установи на Владата на РМ.

[3] Оваа анализа се фокусира на периодот од 2012 и 2014 година од причина што со Програмата од 2012 година започна првиот циклус на организиран скрининг на карцином на грлото на матката на три возрасни групи, кој според планираното се спроведуваше заклучно со активностите на Програмата за 2014 година.

● Буџетот на Програмата е предмет на чести измени и намалувања, а од него во просек се трошат 72 % од издвоените средства;

● Секоја година од Програмата се исплаќаат 3 % помалку средства;

● Најголем дел од буџетот на Програмата, во тековната фискална година, се троши за подмирување на заостанати обврски од претходната година;

● Извршителите на услуги предвидени со Програмата за организиран скрининг на карцином на грлото на матката се соочуваат со проблеми при наплата на средствата од Министерството за здравство потрошени за реализација на активностите што влегуваат во нивна надлежност.

## Смртноста од карцином на грлото на матката расте, додека во исто време Министерството за здравство и Владата на Република Македонија не планираат зголемување на опфатот на жени со програмата за скрининг на овој вид на карцином

Стапката на смртност од карцином на грлото на матката бележи пораст во периодот од 2011 до 2014 година. Бројот на жени што умираат од карцином на грлото на матката во РМ се зголемува и во 2014 година изнесува 4,1 на 100 000 жени, наспрема 1,5 на 100 000 во 2011 година (види го графиконот број 2). Стапката на смртност од карцином на грлото на матката во земјите од Европската Унија, каде што постои добро организиран скрининг на карцином на грлото на матката, е стабилна и значително пониска отколку во Република Македонија (види го графиконот број 2). Оваа состојба укажува на неопходноста од зголемување на опфатот на жени со Програмата за скрининг и унапредување на спроведувањето на Програмата од страна на Министерството за здравство во најкраток можен рок.




***Графикон 1:*** *Стапка на морталитет на 100 000 жени од карцином на грлото на матката во Република Македонија и земјите членки на Европската Унија во периодот од 2004 до 2014 година (Извор: Институт за јавно здравје на РМ и European Health for All Data Base)*

Во периодот од 2012 до 2014 година, 78 % од жените на возраст од 24 до 60 години не биле поканети да направат бесплатен ПАП-тест со Програмата за скрининг на карцином на грлото на матката, а пак на 88% од жените не им бил направен ПАП-тест преку Програмата во изминатите три години. За целиот период од 2012 до 2014 година со Програмата за скрининг на карцином на грлото на матката,

Министерството за здравство планирало да опфати само 15 % од вкупниот број на жени на возраст од 24 до 60 години.

Во периодот од 2012 до 2014 година преку Програмата за скрининг на карцином на грлото на матката биле поканети вкупно 119 467 од 544 833 жени на возраст од 24 до 60 години (22 % од вкупниот број на жени). На скрининг од вкупно поканетите се јавиле 64 473 жени (54 % од вкупно поканетите жени), а пак цитолошки анализи биле направени само на 56 350 жени (87 % од вкупно направените ПАП-тестови, односно вкупниот број на жени што се јавиле на скринингот).

Во земјите од Европската Унија со организиран скрининг на карцином на грлото на матката се опфаќаат од 70 до 80 % [4] од вкупниот број жени на возраст од 24 до 60 години или 59 до 79 % повеќе отколку во Република Македонија.

| **2012 – 2014** | **ВКУПНО** | | |
|---|---|---|---|
| | Популација на возраст 24 – 60 | Планиран опфат | Опфат |
| Направен ПАП-тест | 544 833 | 80 200 | 64 473 |
| | 100 % | 14,72 | 11,83 |
| Поканети | 544 833 | 96 000 | 119 467 |
| | 100 % | 17,62 | 21,93 |
| Направени цитолошки анализи | 544 833 | 88 000 | 56 350 |
| | 100 % | 16,15 | 10,34 |

***Табела 1:*** *Број на поканети жени, направени ПАП-тестови и цитолошки анализирани брисеви на жени на возраст од 24 до 60 години со Програмата за организиран скрининг на карцином на грлото на матката во периодот од 2012 до 2014 година*

## Половина милион жени на возраст над 14 години во Република Македонија немаат или пак имаат ограничен пристап до примарна гинеколошка здравствена заштита.

Во периодот од 2012 до 2014 година од вкупно 138 гинеколози во Република Македонија со Фондот за здравствено осигурување договор имаат склучено 125 гинеколози од примарната здравствена заштита (ПЗЗ). А пак од вкупниот број гинеколози од примарната здравствена заштита што имаат склучено договор со Фондот за здравствено осигурување (ФЗОМ), во спроведувањето на Програмата за организиран скрининг на карцином на грлото на матката биле вклучени 80 гинеколози.

| **2012** | | | **2013** | | | **2014** | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Број на гинеколози од ПЗЗ** | **Број на гинеколози што имаат склучено договор со ФЗОМ** | **Број на гинеколози вклучени во Програмата** | **Број на гинеколози од ПЗЗ** | **Број на гинеколози што имаат склучено договор со ФЗОМ** | **Број на гинеколози вклучени во Програмата** | **Број на гинеколози од ПЗЗ** | **Број на гинеколози што имаат склучено договор со ФЗОМ** | **Број на гинеколози вклучени во Програмата** |
| 145 | 128 | 71 | 132 | 116 | Министерството за здравство не обезбеди податок | 138 | 131 | 89 |

***Табела 2:*** *Број на гинеколози во примарната здравствена заштита, број на гинеколози што имаат склучено договор со ФЗОМ и број на гинеколози што имаат склучено договор со ФЗОМ вклучени во Програмата за организиран скрининг на карцином на грлото на матката во периодот од 2012 до 2014 година (Извор: Годишни извештаи на ФЗОМ и Извештаи за финансиска реализација на Програмата на Министерството за здравство)*

[4] http://esem.org.mk/pdf/Publikacii/2015/Preporaki%20Skrining%20kancer.pdf

Според Уредбата за мрежа на здравствени установи на Владата на РМ, согласно бројот на жени на возраст над 14 години, **во Република Македонија недостасуваат вкупно 156 гинеколози.** Односно, **во 35 општини нема ниту еден гинеколог**, а пак во 29 општини нема доволен број гинеколози. Па оттука, во 35 општини жените на возраст од 24 до 60 години немаат пристап до услугите предвидени со Програмата за скрининг на карцином на грлото на матката, а пак во 29 општини имаат ограничен пристап заради недостиг на гинеколози.




## ЛЕГЕНДА

***Црвено*** *- Општини каде што нема ниту еден матичен гинеколог*

***Жолто и портокалово*** *- Општини каде што нема доволен број матични гинеколози*

***Зелено*** *- Општини каде што има доволен број матични гинеколози*

***Мапа 1:*** *Географски приказ на распределеноста на сегашниот број на гинеколози од примарната здравствена заштита според Уредбата на Владата на РМ (Извор: ФЗОМ)*

Во периодот од 2012 до 2014 година во просек 56 % од жените на возраст над 14 години немаат избрано матичен гинеколог и немаат пристап до услугите предвидени со Програмата за скрининг на карцином на грлото на матката. Односно, во периодот од 2012 до 2014 година во просек 386 255 жени над 14 години имаат избрано матичен гинеколог (44 %).

| | 2012 | 2013 | 2014 |
|---|---|---|---|
| Број на жени над 14 години што имаат избрано матични гинеколози | 385 452 | 381 380 | 391 934 |
| Вкупен број на жени над 14 години | 871 425 | 872 676 | 875 337 |
| Процент на жени што имаат избрано матичен гинеколог од вкупниот број на жени | 44,23 % | 43,70 % | 44,78 % |

***Табела 3:*** *Број на жени над 14 години што имаат избрано матичен гинеколог и вкупен број на жени на возраст над 14 години во РМ во периодот од 2012 до 2014 година*

## Министерството за здравство и Владата на Република Македонија **ги кршат основните принципи** на издвојување и реализација на максимално расположливите ресурси и прогресивната реализација **на основните права на жените** за пристап до организиран скрининг на карцином на грлото на матката

Во периодот од 2012 до 2014 година Министерството за здравство во просек издвојува 27,6 милиони денари за спроведување на активности за рана детекција на малигни заболувања (карцином на грлото на матката, карцином на простата, карцином на дојка и колоректален карцином), од кои во просек 36,8 % (10,2 милиони денари) се средства за спроведување на организиран скрининг на карцином на грлото на матката.

Програмата за рана детекција на малигни заболувања, а со тоа и програмата за организиран скрининг на карцином на грлото на матката, е предмет на чести измени и дополнувања во текот на секоја фискална година. Во периодот од 2012 до 2014 година Министерството за здравство во просек еднаш во текот на секоја фискална година го менува и го намалува буџетот за Програмата за рана детекција на малигни заболувања, т.е. Програмата за организиран скрининг на карцином на грлото на матката.




**ЛЕГЕНДА**

*термините p1 и p2 употребени во графиконот број 2 означуваат прв ребаланс (p1) и втор ребаланс (p2).*

***Графикон 2:*** *Движење на средствата за спроведување на организиран скрининг на карцином на грлото на матката во периодот од 2012 до 2014 година*

Покрај континуираните намалувања на буџетот за организиран скрининг на карцином на грлото на матката, Министерството за здравство секоја година троши во просек 3 % помалку средства од претходната година.




***Графикон 3:*** *Движење на процентот на реализација на средствата од буџетот на Програмата за скрининг на карцином на грлото на матката во периодот од 2012 до 2014 година*

Најголем дел од средства коишто Министерството за здравство ги исплаќа во тековната фискална година се однесуваат за неподмирени обврски кон извршителите на Програмата од претходната година. Па така на пример во 2012 година Министерството исплатило 3 525 000,00 денари или 32 % од тековниот буџет на Програмата за подмирување на обврските од минатата година.

Во 2013 и 2014 година речиси сите центри за јавно здравје престанале да фактурираат за спроведување на активности од оваа Програма, а пак матичните гинеколози го сметаат скринингот како дополнителна административна работа и како резултат на тоа спроведуваат помал број услуги по Програмата. Односно, и покрај тоа што апсолутниот број на матични гинеколози што доставиле фактура за спроведени услуги по Програмата за организиран скрининг на карцином на грлото на матката до Министерството за здравство се зголемува, сепак бројот на услуги што секој гинеколог го испорачал е помал во 2014 во однос на 2012 година.

Во периодот од 2012 до 2014 година за реализација на Програмата за организиран скрининг на карцином на грлото на матката од буџетот на Министерството за здравство се издвоени вкупно 28 430 000,00 денари. Во истиот период за реализација на активностите од Програмата биле потрошени 20 607 000,00 денари (72 % од вкупно издвоените средства за оваа намена).

## Вкупниот износ на исплатени средства од Програмата се однесува на реализација на повеќе активности и тоа:

- за координирање на активностите со останатите извршители, промоција на скринингот, поканување на жените и спроведување на ПАП-тестови, Министерството за здравство на матичните гинеколози вклучени во Програмата исплатило вкупно 16 277 070,00 денари (86 % од вкупниот буџет за оваа намена);

- за спроведување на цитолошки анализи на направени ПАП-тестови на цитолошките лаборатории од јавните здравствени установи и приватните цитолошки лаборатории што имаат склучено договор со ФЗОМ, Министерството за здравство исплатило 429 930,00 денари (65 % од вкупниот буџет за оваа намена);

- за координација на скринингот од страна на 10-те центри за јавно здравје, Министерството за здравство исплатило 600 000,00 денари (67 % од вкупниот буџет за оваа намена);

- за функционирање на мобилната гинеколошка ординација во соработка со НВО од областа Министерството исплатило 150 000,00 денари (50 % од вкупниот буџет за оваа намена);

- на Институтот за јавно здравје на РМ (ИЈЗ) во овој период Министерството му исплатило 300 000,00 денари (11 % од буџетот за оваа намена) за: организација, координација, мониторинг и еваулација и известување до МЗ за текот на активностите; квартален извештај за скрининг на рак на грлото на матката, за состојбата и постигнатите резултати, еваулација и мониторинг; известување на медиумска кампања за промоција на скрининг на рак на грлото на матката; и акционен план за реализација на потребата секоја жена во РМ да има матичен гинеколог [5].

[5] Вкупно исплатените средства кон ИЈЗ се однесуваат за 2012 година платени во текот на истата фискална година. Во текот на 2013 и 2014 година во документите што ги доставија ИЈЗ и МЗ во постапката за слободен пристап до информации од јавен карактер нема докази за извршени исплати по Програмата за организиран скрининг на карцином на грлото на матката кон ИЈЗ. Во 2014 година единствен прилив на ИЈЗ од Програмата за рана детекција на малигни заболувања е за спроведени активности за скрининг на колоректален карцином.
При калкулација на исплатите кон матичните гинеколози, цитолошките лаборатории и центрите за јавно здравје за 2013 година, земени се бројот на направени ПАП-тестови, цитолошки анализи и вклучени центри за јавно здравје содржани во годишниот изветај на ИЈЗ и цената предвидена во самата Програма за секоја од услугите. Исплатите за 2014 и 2012 година директно се преземени од изештајот за извршени исплати од трезорската сметка на МЗ добиен во постапка за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Финансиски поддржано од:

FOUNDATION ФОНДАЦИЈА
OPEN ОТВОРЕНО
SOCIETY ОПШТЕСТВО
MACEDONIA МАКЕДОНИЈА

OPEN SOCIETY FOUNDATIONS